ВЕСТ
www.vest.com.mk
ЧИТАЈ И МИСЛИ СЛОБОДНО

ЗАВРШИ ТАМБУРАШКИОТ ФЕСТИВАЛ ВО КУМАНОВО

27.08.2010.

# Бис за песните на "Легенди"

Тамбураши од Словенија, Србија, Хрватска, Црна Гора и Македонија, викендов учествуваа на шестиот меѓународен фестивал на табурашки оркестри на Градскиот плоштад во Куманово. Фестивалот оваа година го одбележаа концертите на гостите од Белград, групата "Легенди" и пејачката Мерима Његомир.
Првата фестивалска вечер по традиција први настапија домаќините- тамбурашките оркестри "Ѓезме" и "Кумановски тамбураши", по што следуваше фантастичниот настап на групата "Легенде", особено пејачот Иван Милинковиќ ја одушеви публиката со своите вокални способности и романтичните и емотивни стихови "Не верувај", "Копнеж", Четириесетите","Заради тебе", :"Не прашувај", "Несоница", "Данка".... На бис ја испеа македонската песна "Јано, мори", а за крај на бина го покани, Наум Петревски, кој испеја песна од репертоарот на групата.
-Прв пат пејам во Куманово и нема зборови со кои може да се опише. По неколку нумери, флуидот проработи и се создаде единствена енергија со публиката. Кога луѓето ви враќаат на убав начин тоа е божествена енергија која може да се доживее само во еден момент- изјави Милинковиќ по концертот.
Втората вечер на фестивалот покрај тамбурашките групи настапи и легендата Мерима Његомир. КУД "Иво Лола Рибар" од Белград не дојде па поради тоа Његомир пееше на плеј-бек. Во живо ја отпеа само "Зајди зајди" на крајот на настапот.
Покровитела на Фестивалот е локалната самоуправа Куманово, како дел од манифестацијата Кумановско културно лето.
(С.Н.)

